**20100080130**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 156/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.01.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2010 ГОДИНА

I

(1) Средствата за реализација на финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година во износ од 579.000.000 денари, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.156/2009), согласно раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст: Агенција), Програма 2 – Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Под-програма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, Категорија 48 – Капитални расходи, Ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации и Ставка 488 – Капитални дотации до единици на локална самоуправа.

(2) Дел од средствата од став (1) на овој дел во износ од 326.000.000 денари се наменети за реализација на следниве мерки на политиката за рурален развој:

| Точка | Вид на мерка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства | 168.000.000 |
| 2. | Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи | 63.000.000 |
| 3. | Инвестиции за рурална инфраструктура | 67.000.000 |
| 4. | Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам | 7.000.000 |
| 5. | Инвестиции за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство | 9.000.000 |
| 6. | Поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства | 8.000.000 |
| 7. | Инвестиции за производство и користење на обновливи енергии во рурални подрачја | 4.000.000 |
| ВКУПНО | | 326.000.000 |

(3) Дел од средствата од став (1) на овој дел во износ од 3.000.000 денари, се наменети за реализација на материјални трошоци за спроведување на оваа програма и тоа за:

| Точка | Вид на мерка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Изработка и печатење на обрасци и упатства за корисниците и огласување на информации за корисници | 1.500.000 |
| 2. | Трошоци за спроведување на контрола на лице место | 1.000.000 |
| 3. | Организирање и спроведување на обуки на | 500.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **потенцијалните корисници за користење на средствата од оваа програма** | |
| **ВКУПНО** | | **3.000.000** |

(4) Дел од средствата од став (1) на овој дел во износ од 250.000.000 денари, се наменети за реализација на неподмирени обврски од 2009 година по основ на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/2009, 54/2009, 137/2009, 154/2009).

II

(1) Средствата од Дел I став (2) точка 1 на оваа програма во износ од 168.000.000,00 денари ќе се користат според намените и условите утврдени во следните групи на инвестиции:

| Пот-точка | Вид на подмерка | Прифатливи трошоци за инвестиции | Критериум и висина на вредност на одобрени инвестиции | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 1.1. | Модернизација на лозарството, овоштарството и градинарството (на отворено) | - набавка на трактори до 95КС, култиватори и мото-култиватори<br>- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење, за берење, за пакување и складирање на свежи производи<br>- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на енергија за работа на компјутери за контрола на наводнување<br>- набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- Минимум подигнати површини од 0,2 ха*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 2.500.000 денари* | 25.000.000,00 |
| 1.2. | Модернизација на одгледување на житни култури | - набавка на трактори<br>- набавка на приклучна механизација<br>- набавка на опрема за конструкција на силоси и опрема за контрола на влажност и опрема за чување на житните култури<br>- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- Минимум засадени површини од 1 ха*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 6.000.000 денари* | 60.000.000,00 |
| 1.3. | Инвестиции за модернизација на производството на индустриски култури (маслодајни, | - набавка на трактори<br>- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење, за берење и собирање | Критериум:<br>*- Минимум површини од 1 ха под маслодајни и фуражни култури* | 35.000.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | фуражни култури, тутун) вклучително и производство на компир | - набавка на опрема за конструкција на силоси и опрема за контрола на влажност и опрема за чување<br>- набавка на опрема за постбербени активности на суров тутун<br>- набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување и сушење на тутун и опрема за сушење<br>- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | *- Минимум засадени површини од 0,5 ха за одгледување на тутун и компир*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 4.000.000 денари* | |
| 1.4. | Инвестиции за одгледување на цвеќе и украсни дрва и растенија | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба<br>- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција од метал или алуминиум вклучително и прекривки од стакло или пластична прекривка<br>- набавка на опрема за комунална инфраструктура и снабдување со електрична енергија<br>- набавка на опрема за микро-климатски услови во оранжериии<br>- набавка на култиватори или мото-култиватори<br>- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење и за берење;<br>- набавка на опрема за системи за наводнување и придружен компјутерски софтвер<br>- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- Минимум површина од 0,1 ха (за подигнување на нови или за обнова на постоечки оранжерии)*<br><br>*- Минимум површина од 0,3 ха (за набавка на култиватори или мото-култиватори )*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 3.000.000 денари*<br>*- до 5% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | 7.000.000,00 |
| 1.5. | Инвестиции во одгледување на говеда за тов (вклучително и телиња од систем крава-теле) | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба<br>- набавка на градежни материјали и елементи за градба за реконструкција и проширување на објекти за одгледување на говеда за тов<br>- набавка на опрема за опрема за подготовка на мешавини за исхрана и складирање на добиточна храна и проверка на квалитетот;<br>- набавка на опрема за системи за | Критериум:<br>*- Минимум 15 до максимум 150 грла говеда за тов по турнус*<br><br>*- Минимум 35 до максимум 180 грла млечни крави (за одгледување на говеда за тов од систем крава-теле)* | 25.000.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поење и хранење;<br>- набавка на опрема за оградување на просторот за одгледување и испуст;<br>- набавка на опрема за чистење на просторот за одгледување на добиток складирање и транспорт;<br>- набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на арско ѓубриво;<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 4.500.000 денари*<br>*- до 3% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | |
| 1.6. | Инвестиции во одгледување на несилки | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба<br>- набавка на опрема за одгледување на несилки;<br>- набавка на опрема за подготовка и складирање на храната и проверка на квалитетот<br>- набавка на опрема за системи за поење и хранење;<br>- набавка на инкубатори за живина;<br>- набавка на опрема за сортирање и чување на јајца и проверка на квалитет<br>- набавка на опрема за чистење на просторот за одгледување на живина, складирање на ѓубривото и транспорт;<br>- набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на ѓубривото;<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- Минимум 1.000 до максимум 15.000 несилки по турнус*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 1.500.000 денари*<br>*- до 3% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | 12.000.000,00 |
| 1.7. | Модернизација на пчеларството | - набавка на рамки и сандаци за пчелни семејства<br>- набавка на опрема за одгледување на пчели<br>- набавка на опрема производство на мед и пчелни производи<br>- услуги за монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- Минимум 10 пчелни семејства*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 500.000 денари* | 4.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО** | | **168.000.000** |

(2) Корисник на средствата од став (1) од овој дел е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошен текст: Министерството).

(3) Средствата од став (1) на овој дел, се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во

висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции или:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции во земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско-рурално подрачје.

III

(1) Средствата од Дел I став (2) точка 2 на оваа програма во износ од 63.000.000,00 денари ќе се користат според намените утврдени во следните групи на инвестиции:

| **Пот-точка** | **Вид на подмерка** | **Прифатливи трошоци за инвестиции** | **Критериум и висина на вредност на прифатливи трошоци** | **Износ** |
|---|---|---|---|---|
| 2.1. | Инвестиции за постигнување на стандардите за безбедност на храна во преработка на земјоделски производи (освен за преработка на овошје и зеленчук, грозје за вино, млеко и млечни преработки и кланични капацитети) | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба<br>- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за адаптација на градежни објекти и комунална инфраструктура за достигнување на стандардите за безбедност на храна<br>- набавка на материјали за градба, елементи за конструкција и опрема за санитарно-хигиенски простории за вработените, за чување на опрема за чистење<br>- набавка на опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- најмалку 50% од суровината е од домашно производство од земјоделски стопанства врз основа на склучен договор (најмалку за една година)*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 5.000.000 денари*<br>*- до 5% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | 18.000.000,00 |
| 2.2. | Инвестиции за воведување или модернизација на производни капацитети за добиточна храна | - прием и складирање на суровина,<br>- подготовка за преработка и преработка,<br>- пакување и складирање на готов производ вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите<br>- услуги за монтажа и инсталација на опрема | Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 5.000.000 денари* | 10.000.000,00 |
| 2.3. | Инвестиции за воведување на производни капацитети | - прием и складирање на суровина,<br>- подготовка за преработка и преработка, | Критериум:<br>*- 100% од суровината е од сопствено* | 20.000.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за производство на меланж | - пакување и складирање на готов производ вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите<br>- услуги за монтажа и инсталација на опрема | *производство на јајца или*<br>*- најмалку 50% е од домашно производство од земјоделски стопанства врз основа на склучен договор (најмалку за една година), а остатокот е обезбеден од суровината од сопствено производство на јајца*<br><br>- Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*до 20.000.000 денари* | |
| 2.4. | Инвестиции за воведување на производни капацитети за преработка на компир | - прием и складирање на суровина,<br>- подготовка за преработка и преработка,<br>- пакување и складирање на готов производ вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите<br>- услуги за монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- најмалку 50% од суровината е од домашно производство од земјоделски стопанства врз основа на склучен договор (најмалку за една година)*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 15.000.000 денари* | 15.000.000,00 |
| | | ВКУПНО | | **63.000.000** |

(2) Корисници на мерките од став (1) од овој дел се приватни правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва или Законот за задругите со број на вработени не помал од 3 лица и не поголем од 50 лица, кои ги исполнуваат минималните услови за вршење на соодветната дејност согласно Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, Законот за ветеринарно јавно здравство и Законот за сточарство.

(3) Средствата од став (1) на овој дел, се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции.

IV

(1) Средствата од Дел I став (2) точка 3 на оваа програма во износ од 67.000.000,00 денари ќе се користат според намените утврдени во следните групи на инвестиции

| Пот- | Вид на подмерка | Прифатливи трошоци за | Критериум и висина | Износ |
|---|---|---|---|---|

| точка | | инвестиции | на вредност на прифатливи трошоци | |
|---|---|---|---|---|
| 3.1. | Инвестиции во создавање на основни предуслови за развој на сточарството | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба, електрификациски или водоводни работи<br>- набавка на опрема за поврзување на одгледувалиштата на добиток со електрична енергија, вклучително и набавка на агрегати или генератори и придружна инсталациона опрема за снабдување со електрична енергија;<br>- набавка на опрема за поврзување на одгледувалиштата на добиток со водоснабдување;<br>- набавка на градежен материјал и елементи за изградба на зафати на вода за водопоила<br>- набавка на елементи за конструкција на резервоари за водопоила на пасишта и изградба на водопоила<br>- набавка на опрема за оградување на пасишта за воведување на системи на контролна испаша и опрема за оградување со струјни насочувања, вклучително и компјутерска опрема и софтвер<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- Минимум 7 грла млечни крави;*<br>*- Минимум 15 грла говеда за тов годишно;*<br>*- Минимум 250 овци од сите категории;*<br>*- Минимум 150 кози од сите категории;*<br>*- Минимум 50 маторици или минимум 1000 свински гоеници годишно*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 1.000.000 денари*<br>*- до 5% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | 5.000.000,00 |
| 3.2. | Инвестиции за рехабилитација или проширување на системите за наводнување и за одводнување (одводните канали) со кои раководат Водните заедници | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба<br>- набавка на градежен материјал и елементи за конструкција (пумпи, филтри, цевки);<br>- набавка на водоснабдителна и контролна опрема, вклучително и компјутерска опрема и софтвер<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- да се исплатени сите давачки по основ на користење на вода за претходната фискална година (доколку водоснабдител е Водостопанско претпријатие) или*<br>*- да ги има обезбедено сите дозволи за користење на природни ресурси за водоснабдување согласно прописите за заштита на животната средина и водите* | 5.000.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 3.000.000 денари*<br>*- до 10% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | |
| 3.3. | Инвестиции во реконструкција или покривање на селски улици и тротоари во рурални подрачја | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба<br>- набавка на градежен материјал и материјал за прекривање на површината на патот вклучително и покривни елементи (бекатон плочки, камени плочки или коцки или слични површински покривни елементи)<br>- набавка на опрема за улично осветлување<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема | Критериум:<br>*- должината на селската улицата или улиците да не надминува вкупна должина од 800м и широчина на патот која не надминува 6м*<br>*- инвестицијата задолжително да предвидува тротоари со ширина од најмалку 1м и улично осветлување*<br>*- локацијата на инвестицијата да е во село кое припаѓа на општина со рурален центар*<br><br>Максимална вредност на прифатливи трошоци:<br>*- до 7.000.000 денари*<br>*- до 12% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | 55.000.000,00 |
| 3.4. | Надмест на трошоци за номадско одгледување на овци и традиционално овчарство | - нето-плата на вработени лица за чување на добиток во висина од просечна месечна нето-плата од дејноста за период од 01.11.2009 до 31.10.2010 година | Критериум:<br>*- минимум 150 овци од сите категории*<br>*- поддршката се доделува за соодност - еден вработен овчар на 150 овци*<br>*- вработеното лице за кое е исплатена поддршката мора да остане во работен однос најмалку 1 година од годината за која е одобрена поддршката*<br><br>Максимална вредност на надоместот:<br>*- не повеќе од* | 2.000.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *200.000,00 денари по еден вработен* | |
| | | ВКУПНО | | 67.000.000 |

(2) Корисник на средствата од став (1), пот-точка 3.1. и 3.4. од овој дел е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој при Министерството.

(3) Корисник на средствата од став (1), пот-точка 3.2. од овој дел се регистрирани Водни Заедници согласно Законот за водни заедници и на кои им се предадени системите на управување од страна на Министерството.

(4) Корисник на средствата од став (1), пот-точка 3.3. од овој дел може да биде самостојно единицата на локалната самоуправа каде се наоѓа селото или јавно-приватно партнерство каде како носител на јавното-приватно партнерство се јавува единицата на локалната самоуправа.

(5) Средствата од став (1) пот-точка 3.1.на овој дел, се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции во висина од 50% од вредноста на одобрената инвестиција или:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции, поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции, во земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции, поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско-рурално подрачје;

(6) Средствата од став (1) пот-точка 3.2. на овој дел, се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции во висина од 80% од вредноста на одобрената инвестиција.

(7) Средствата од став (1) пот-точка 3.3.на овој дел, се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од 70% од вредноста на одобрената инвестиција или 80% од вредноста на одобрената инвестиција, наменети за село класифицирано како ридско-планинско рурално подрачје при што исплатата на средствата се врши во висина на предвидениот износ и процент на ко-финансирање, при што корисникот треба да го исплати сопственото учество на економскиот оператор пред поднесување на барањето за исплата.

(8) Средствата од став (1) пот-точка 3.4. на овој дел се исплаќаат во висина на предвидената поддршка од висината на вредноста на исплатената месечна нето плата по вработен за период од 1 ноември 2009 заклучно со 31 октомври 2010 година.

V

(1) Средствата од Дел I, став (2), точка 4 на оваа програма во износ од **7.000.000,00** денари се наменети финансирање на трошоци за изработка на промотивни материјали за рурален туризам, односно за следниве групи на инвестиции:

| Пот-точка | Вид на подмерка | Прифатливи трошоци | Критериум и висина на вредност на прифатливи трошоци | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 4.1. | Изработка на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости и книги за традиционални одбележја и културно наследство | - интелектуални услуги или авторски хонорар за изработка, превод, лектура и рецензија<br>- трошоци за графичка подготовка за печатење на брошури, мапи, книги;<br>- трошоци за услуги за печатење на брошури, мапи, книги во не повеќе од 700 примероци на македонски јазик и не повеќе од 1.000 примероци на англиски јазик; | Критериум:<br>*- содржината на брошури, мапи или книги да се однесува за одредено рурално подрачје или рурални подрачја кои граничат меѓу себе и припаѓаат на една општина*<br><br>Максимална вредност одобрен износ за финансирање:<br>*- до 500.000 денари* | 2.000.000,00 |
| 4.2. | Одбележување на културни и природни знаменитости во рурални подрачја и рурални сместувалишта | - услуги за дизајн и изработка на соодветни знаци за одбележување<br>- оперативни трошоци за поставување на соодветни знаци за одбележување | Максимална вредност одобрен износ за финансирање:<br>*- до 250.000 денари* | 1.000.000,00 |
| 4.3. | Изградба на пешачки и велосипедски патеки во рурални подрачја | - услуги за изработка на проект и техничка документација за градба<br>- набавка на градежен материјал и материјал за прекривање на површината на патот<br>- набавка на опрема за осветлување<br>- услуги за вршење на градежни работи и монтажа и инсталација на опрема. | Критериум:<br>*- должина на патеката да не надминува 1км и широчина на патеката која не надминува 3м*<br><br>Максимална вредност одобрен износ за финансирање:<br>*- до 2.000.000 денари*<br>*- до 3% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект* | 4.000.000,00 |
| | | ВКУПНО | | 7.000.000,00 |

(2) Корисник на средствата од став (1) од овој дел се здруженија на граѓани или фондации регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации со седиште во рурално подрачје или општината каде се наоѓа руралното подрачје.

(3) По исклучок на став (2) од овој дел, корисник на средствата од став (1) потточка 4.3. од овој дел може да биде самостојно единицата на локалната самоуправа каде се наоѓа руралното подрачје или јавно-приватно партнерство каде како носител на јавното-приватно партнерство се јавува единицата на локалната самоуправа.

(4) Средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат во висина од 100% од прифатливите трошоци за реализација на предвидените активности согласно условите и рокот предвиден за реализација во Договорот за финансиска поддршка за рурален развој.

## VI

(1) Средствата од Дел I став (2) точка 5 на оваа програма во износ од **9.000.000,00** денари се наменети за услуги за:

- изработка и печатење на едукативни материјали и тренинг упатства
- трошоци за организација и оддржување на обуки и тренинзи на земјоделски производители, вклучително и транспортни трошоци и трошоци за сместување;
- трошоци за надомест на авторски хонорари за обучувачи (со исклучок на данок на персонален доход)

(2) Услугите од став (1) на овој дел се наменети за семејни земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството.

(3) Услугите од став (1) на овој дел можат да ги спроведат здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, јавни научни установи од областа на земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Законот за научно истражувачка дејност, образовна институција или установа која ги исполнува условите согласно Закон за високото образование и Законот за средното образование по претходно склучен Договор за набавка на услуги со Министерството.

(4) Условите, критериумите, предметот на набавка на услугите и висината на вредноста на услугата го одредува Министерството согласно Законот за јавни набавки.

## VII

(1) Средствата од Дел I став (2) точка 6 на оваа програма во износ од **8.000.000,00** денари ќе се користат за надомест на следните трошоци:

| Пот-точка | Вид на подмерка | Дозволени инвестиции | вкупна вредност на одобрена инвестиција | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 6.1. | Надомест на трошоци при формирање на нови земјоделски задруги | - трошоци за едукација на потенцијалните задругари за предностите од економското здружување и организирање и спроведување на студиско патување за најмногу 5 лица, и/или<br>- оперативни трошоци за формирање на земјоделски задруги формирани по 01.01.2010 | Максимална вредност на надоместот:<br>*- до 700.000 денари* | 2.000.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | година, и/или<br>- трошоци за едукација на управителот на задругата од областа на основи на менаџмент, финансиски менаџмент, бизнис администрација, деловни комуникации (најмногу 80 часа едукација), и/или<br>- набавка на опрема за канцелариски простории и компјутерска опрема за земјоделски задруги формирани по 01.01.2010 година, и/или<br>- надомест на трошоци за водење на сметководство, и/или<br>- надомест на бруто-плата на управителот на новоформирана земјоделска задруга формирани по 01.01.2010 година за период 01.01-31.10.2010 година. | | |
| 6.2. | Надомест на трошоци за одржување на работа на воспоставени земјоделски задруги пред 01.01.2010 | - надомест на трошоци за водење на сметководство за период 01.11.2009 година-31.10.2010<br>- надомест на бруто-плата на управителот на земјоделска задруга за период 01.11.2009 година-31.10.2010 година во износ од 80% од просечната годишна плата во дејноста,<br>- трошоци за едукација на задружниците за воведување на заеднички производни практики согласно избран систем за квалитет на примарно земјоделско производство (органско производство, ГлобалГап, интегрирано земјоделско производство, итн.) или за пост-бербени практики. | Критериум:<br>*- Корисниците треба да остварат годишен промет од најмалку 1.000.000,00 денари од продажба на земјоделски производи произведени од задружниците или од продажба на репроматеријали на задружниците во претходната фискална година.*<br><br>Максимална вредност на надоместот:<br>*- до 500.000 денари* | 3.000.000,00 |
| 6.3. | Промоција на македонскиот земјоделски производ на одбрани надворешни пазари | - организирање и реализација на информативни кампањи за промоција на македонскиот земјоделски производ на одбрани надворешни пазари | Максимална вредност на услугата:<br>*- до 3.000.000 денари* | 3.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО** | | **8.000.000,00** |

(2) Корисници на поддршката од став (1), од овој дел, освен пот-точка 6.3. се задруги кои се регистрирани согласно Законот за задругите со претежна земјоделска дејност.

(3) Дефинирање на добавувачот на услугите, условите, критериумите, предметот на набавка на услугите и висината на вредноста на услугата од став (1) пот-точка 6.3. на овој дел го одредува Министерството согласно Законот за јавни набавки.

VIII

(1) Средствата од Дел I став (2) точка 7 на оваа програма во износ од **4.000.000,00** денари се наменети за следниве инвестиции:

- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на соларна енергија
- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на био-гас
- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на ветерот како извор на енергија
- набавка на опрема за инсталации за производство и користење на гео-термална енергија
- оперативни трошоци за инсталација на опрема.

(2) Корисник на средствата од став (1) од овој дел е семејно земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој.

(3) Средствата од став (1) на овој дел, се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 80% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции.

(4) Вкупната вредност на одобрена инвестиција за инвестиции од овој дел изнесува 1.000.000 денари.

IX

(1) Средствата од дел I став (3) точка 1 на оваа програма ги спроведува Агенцијата.

(2) Средствата од дел I став (3) точка 2 на оваа програма ги спроведува Агенцијата согласно План за спроведување на контроли на лице место за спроведување на програмата за 2010 година одобрен од Министерот по предлог од директорот на Агенцијата.

(3) Средствата од дел I став (3) точка 3 на оваа програма ги спроведува Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството согласно План за спроведување на обуки на потенцијални корисници на мерките за рурален развој за 2010 година одобрен од Министерот по предлог од директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

X

(1) Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата во висина на вредност на прифатливи трошоци согласно оваа програма со исклучок на вредноста на јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, закупнина, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

(2) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја под-мерка од дел II, дел III, дел IV, дел V и дел VII, од оваа програма во оригален примерок. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања по различни мерки од дел I став (2), освен точка 5, на оваа програма и најмногу две барања по различни под-мерки во рамките на една мерка.,

(3) Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа програма во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа програма.

(4) Инвестиции кои се исплатени од Програма за финансиска поддршка во руралниот развој за 2009 година неможе да се поднесуваат за финансирање од средствата предвидени со оваа програма.

(5) Сите права на интелектуална сопственост и авторски права со кои се стекнал корисникот од оваа програма се отстапуваат на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) Во случај кога за реализација на поединечна мерка од дел I се потребни повеќе средства од предвидените со програмата, а друга мерка е нецелосно реализирана, може да се врши пренамена во рамките на вкупно расположливите средства.

(7) За реализација на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(8) Извршувањето на мерките од дел I, став (2), освен точка 5 е по пат на јавен оглас кој го објавува Агенцијата во рок не подоцна од 30 работни дена од денот на објавување на оваа програма.

(9) Извршувањето на мерките од дел I, став (2), точка 5 е по пат на јавен оглас кој го објавува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(10) Краен рок за реализација на оваа програма е 25 декември, 2010 година.

XI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-80/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.